


**БОЈКОТ ЗА ЦИРКУСИТЕ СО ЖИВОТНИ!**

**1.** Животните во циркуси поминуваат околу 11 месеци во патување - заробени и оковани, изложени на екстремни температури, во услови на континуирана тортура. Од самиот транспорт, до начините на нивна дресура, секој миг за нив претставува вистинско мачење.

**2.** Стандардните методи и техники кои се практикуваат за изведување на нивните бесмислени точки соддржат во себе насилство, сакатење, лишување од храна, дрогирање, хируршко отстранување или онеспособување на нивните канџи и заби. Алатки за тренирање на животните: камшици, електрични и безбол палки, ланци, окови, плеада на сечива и сл...Точките кои животните ги презентираат пред јавноста се нешто што своеволно никогаш не би го направиле. Го прават тоа зошто мораат, плашејќи се од казна.

**3.** Животните родени во циркус никогаш не се пуштени да живеат во природната средина од која потекнуваат.

**4.** Хигиената и условите во кои престојуваат овие животни се под секои стандарди и

секогаш постојат високи предуслови за заразни болести.

**5.** Циркуските животни имаат многу покус животен век. Високата стапка на смртност се должи поради повредите здобиени во состојба на целосен шок, како резултат на физичко злоставување и практицирање насилство, физичка и психичка исцрпеност, депресија, константен страв, и опаднат имунитет.

**6.** Животот на животните во циркусите претставува комплетна изолација која придонесува за многубројни психички болести кај нив - како копрофагија (голтање на сопствениот измет), или сакатење на сопственото тело.

**ЦИРКУСОТ Е ВЕЧНА АГОНИЈА ЗА ЖИВОТНИТЕ!**